**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022 ГОДИНА**
**Подготвен од страна на**
**Антонио Поп-Иванов "СТАНДАРД БИРО" – СКОПЈЕ Официјална сметководствена компанија на Олимписиот комитет на Северна Македонија**

Програмските активности кои Олимписиот комитет на Северна Македонија ги реализираше во 2022 година, од финансиска гледна точка, донесоа позитивен тренд на динамика на имплементација на олимписката програма на Олимписиот комитет на Северна Македонија.

| **ПРИХОДИ** | **2022 година** | **%** |
|---|---|---|
| **Приходи од донации и спонзорства** | | |
| Меѓународен олимписки комитет | 7.572.346 | 7,9% |
| Европски Олимписки Комитети | 36.703.204 | 38,3% |
| Организационен комитет Оран 2022 | 993.476 | 1,04% |
| Асоцијација на Олимписки Комитети | 451.103 | 0,48% |
| Организационен Комитет Пекинг 2022 | 272.550 | 0,28% |
| Европска Комисија-Ерасмус+ Проекти | 18.426.957 | 19,23% |
| Кигили Турција | 3.689.568 | 3,85% |
| Стопанска Банка АД | 800.000 | 0,83% |
| Горска | 318.492 | 0,33% |
| Рамстор | 350.000 | 0,37% |
| Комерцијална Банка АД – "ваучер" | 6.000.000 | 6,26% |
| **Вкупно** | **75.577.696** | **-** |
| **Приходи од стопанска активност** | | |
| Приходи од извршени услуги Олимписки центар "Јане Сандански" | 20.261.859 | 21,14% |
| **Вкупно приходи** | **95.839.555** | **100,00%** |
| | | |
| **РАСХОДИ** | | |
| **Расходи за спорт и спортски активности** | | |
| Стипендии за спортисти и уплати кон НСФ | 27.179.825 | |
| Договори на дело, авторски хонорари и надворешно ангажирани лица | 9.240.057 | |
| Трошоци за спортска опрема | 7.655.417 | |
| Трошоци за патувања | 5.159.389 | |
| Трошоци за организација на спортски настани | 4.826.846 | |
| Останати трошоци за спортски активности | 3.357.380 | |
| Ноќевања | 306.205 | |
| **Вкупно** | 57.725.119 | 64,77% |
| Плати | 3.475.053 | 3,90% |
| Даноци и придонеси кон државата | 1.819.444 | 2,04% |
| Осигурување | 806.439 | 0,9% |
| Одржување на деловен простор | 510.805 | 0,57% |
| Амортизација на опрема | 3.162.780 | 3,55% |
| Книговодствени услуги | 194.787 | 0,22% |
| Ревизорски услуги | 52.150 | 0,06 |
| Телефонија | 197.837 | 0,22% |

| | | |
|---|---|---|
| Гориво | 405.650 | 0,46% |
| Негативни курсни разлики | 403.924 | 0,45% |
| Камати | 104.690 | 0,12% |
| Банкарски услуги и провизии | 129.787 | 0,15% |
| **Вкупно** | 11.263.346 | |
| **Расходи за стопанска активност-ОСЦ Јане Сандански** | | |
| Струја | 7.058.744 | 7,92% |
| Вода | 537.121 | 0,6% |
| Комунална Хигиена | 313.638 | 0,35% |
| Плати | 7.157.240 | 8,03% |
| Даноци и придонеси кон државата | 2.696.643 | 3,03% |
| Амортизација на опрема | 915.153 | 1,03% |
| Потрошни материјали | 427.440 | 0,48% |
| Книговодствени услуги | 295.307 | 0,33% |
| Телефонија | 202.571 | 0,23% |
| Осигурување | 169.742 | 0,19% |
| Гориво | 364.838 | 0,41% |
| **Вкупно** | 20.138.437 | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **89.126.902** | **100%** |

Мора да напоменеме и дека ОКСМ за многу НСФ-и и спортисти обезбеди донации од соодветните Меѓународни спортски федерации што е карактеристично за работа на ОКСМ со години наназад. ОКСМ обезбеди и реализира партнерски договори во износ од 400,000 евра, но во против услуги, а не во пари (готовина)! Тоа се услуги од строго наменски карактер, а се добиени како потреба за спортистите - (младински) кандидати кои можат да учествуват на меѓународните натпревари (подготовки, спортска опрема, стручна помош, едукација на стручен кадар и тренери, суплементација, исхрана, котизации, сместување, изнајмување на простории за собири и конференции, патувања и натпревар на врвните македонски спортисти, опоравок после тренинг и после повреда и сл.).

Како и секоја година, приходите односно финансиските ресурси како донации за реализација на програмските активности на ОКСМ, се реализирани преку блиската соработка со Меѓународниот и Европскиот олимписки комитет (ИОК и ЕОК) и Меѓународниот комитет на Медитеранските игри (МКМИ) и НОК-и со кои МОК има договор за билатерална соработка, но и преку блиската соработка со Меѓународните спортски федерации. Во делот кој станува се означаен за ОКСМ, во однос на унапредување на спортот во Македонија односно во делот на партнерство и донации, Олимпискиот комитет на Северна Македонија бележи продолжен тренд на партнерство со правни ентитети од Република Македонија и од светот, кои се значаен дел од ТОП ТЕН маркетинг пулот на ОКСМ.

Посебно е значајна донацијата од ИОК и ЕОК за формирање на Лабораторијата за високи спортски перформанси во износ од 300,000 УСД. Оваа лабораторија ќе биде основа за сите истражување на најдобрите македонски спортисти, за следење и унапредување на нивните антропометриски, моторички и физиолошки перформанси со што тие ќе бидат многу поблиску до реализација на А Олимписка норма, како и до освијување на медал на континенталните и Светските меѓународни првенства како и на Олимписките игри.

Секако значајна е и финансиската помош од државните институции преку програмата “ваучер“ на Владата на РСМ во износ од 6.000.000,оо денари, износ наменет за подготовки на спортисти. Веруваме дека државата односно АМС ќе ја препознаат реалноста според која во Олимписките кандидати и евидентните олимпијци како и во Олимписката програма на ОКСМ, ќе мора да се вложуват многу повеќе финансиски средства како би можеле да очекуваме многу подобри врвни спортски резултати.

Вреди да се напомене и дека во текот на 2022 година на ОКСМ се извршени 2 финансиски контроли, од кои првата контрола беше извршена од ИОК за период 2017-2021 година преку ревизорската куќа Прајсвотерхаус Куперс и беше констатирана уредна финансиска состојба и уредно финансиско работење. Втората контрола беше извршена од УЈП за период 01/01/2021-30/06/2022 и беше установено дека ОКСМ нема неправилности во финансиското и административното работење како и даночните извештаи и книжења и дека сите даноци и придонеси се целосно исплатени.

Исто така за 2022 продолжува практиката за ревизија на годишната сметка и финансиското работење на ОКСМ од овластен независен ревизор, започната во 2021 година. Ревизијата на годишната сметка за 2022 ќе се изврши по нејзино одобрување од страна на УО.

Антонио Поп-Иванов
Стандардбиро ДООЕЛ

